РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1292/4
23 -03- 2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 63-та седница одржана на ден 15.03.2022 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-5113/1 од 15.11.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Славчо Крстевски, поранешен член на Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" - Битола.

Се констатира дека по издадениот прекршочен платен налог број 08-1292/2 од 01.03.2022 година е постапено од страна на именуваниот, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука, во анонимизирана форма, се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот заведен под број 08-5113/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од увидот во Службен весник на РСМ број 101/2021 утврди дека на Славчо Крстевски на ден 27.04.2021 година му престанала функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" - Битола и дека во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата не поднел анкетен лист до ДКСК.

Поради горенаведеното, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-1292/2 од 01.03.2022 година, за сторен прекршок од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок е постапено по прекршочниот платен налог, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**